Од последниот синаксис во манастирот на Пресвета Богородица Елеуса ги запишавме следните поуки и сознанија со кои бевме поткрепени од нашиот Старец и Владика со вообичаената љубов и духовна остроумност со кои сме раководени. Но текстот што е пред нас сепак претставува само запис од забелешките што ги фаќавме при тоа боговдахновено слово, за кое знаеме дека произлезе од нашите тековни потреби, а кое веруваме ќе му послужи и на вашето наѕидување во духовниот живот. На оние коишто сè уште не се запознале со смислата на монашкиот подвиг, со темата за оставањето на светот и исцелувањето на срцето од страстите како обнова на умот од паднат во просветлен (Христов), словото на нашиот Старец ќе им го открие вистинскиот длабочински аспект правилно да им пристапат на овие прашања.

Доаѓаме во манастир од желба да изградиме заедница со Бога овде на земјата, но затворајќи се со телото во манастирските келии должни сме да го затвориме и умот во срцето, та да станеме глуви за сè, освен за волјата на нашиот Господ, кое е вистинско оставање на светот: надворешно, зашто се откажуваме од светските желби, интереси и дела и од сите светски работи, но особено внатрешно - како оние што борејќи се со страстите го распнуваат светот во себе (својот свет, она што од светот живее во нас). Со други зборови, нашата љубов кон Бога подразбира ние, кои сакаме да бидеме Христови и да имаме сè подлабока заедница со Бога, да ја достигнеме и да останеме трајно во состојбата за која Св. апостол Павле вели:

*Не живеам повеќе јас, туку*
*Христос живее во мене* (Гал. 2, 20).



СИНАКСИС СИНАКСИС СИНАКСИС
СИНАКСИС СИНАКСИС СИНАКСИС

Причина и цел на нашето доаѓање во манастир е Христос. Преобразувањето на умот и исцелувањето на срцето од дејството на страстите се неопходни услови за да се постигне оваа цел. Тој тежок и макотрпен процес ни е неизбежно потребен во тежнеењето да достигнеме ‘обожение’, како што се нарекува највисокиот раст на духовна сличност со Богочовекот Христос, преку Кого ние стекнуваме восиновување во Бога Отецот.

На паднатиот ум по природа му се својствени: гордоста, расеаноста и затемнетоста. Карактеристиките на обоновениот во Христа ум се: смирение, собраност и просветленост. Но нив ги стекнуваме со подвиг на покајание, или преумување - кое е патот по кој доаѓаме до состојбата на ‘просветленост на умот’, а која Бог ни ја дарува како ‘отворање на срцето’ за умносрдечната молитва во оној момент од нашиот духовен подвиг до којшто по Негово наоѓање во доволна мера сме ја пројавиле нашата добра волја - од љубов кон нашиот Господ да го ослободиме срцето од страстите коишто на првиот степен од духовниот живот преку гревот го држат заробено и затворено за пројавување на Божествената благодат.

Почеток на подвигот на градење најпотполна личносна заедница со Бога вообичаено е оставањето на светот, кога повлекуваме физичка дистанца помеѓу себеси и светот доаѓајќи во манастир: слободно и доброволно ставајќи се во послушание на духовен отец, а со тоа и на волјата Божја за нас, која оттогаш спрема нас ќе се пројавува преку волјата и расудувањето на нашиот раководител во Христа. Со ова се создаваат основните предуслови за очистувањето на срцето од страстите, како цврст темел на секој молитвен подвиг. Место на средба и заедничарење во секој однос на личности, па и во овој, е степенот на взаемност по сличност или отвореноста за меѓусебно заемодејство меѓу личностите и со оглед дека според Своето Божествено неизмерно човекољубие во односот со секого од нас Бог покажува максимално снисходење, нашето општење со Него е возможно онолку колку што ние ќе покажеме сличност и ја раѓа потребата да се преобразуваме за да Му се вподобиме Нему.

Во текот на овој долгогодишен и динамичен процес на преобразување на умот преку покајание, во кој, природно, ќе доживееме многу и разновидни промени, сигурен знак за распознавање на нашата духовна состојба ќе ни биде расеаноста на ‘енергијата на умот’ кога скршнуваме од тој тесен пат и преку страстите му се враќаме на светот или напротив, молитвената собраност на ‘енергијата на умот’ и неговата насоченост кон Бога, кога личносно ја градиме нашата заедница со Него. При ова потребно е да знаеме и дека расеаноста на умот сама по себе е доволен показател дека боледуваме од страста на гордоста.

Во манастирот сè е устроено така за да го насочува нашиот ум кон просветлување и во голема мера ја чува неговата енергија од непотребно расејување - ја прекинуваме врската со светските информации, односите со луѓе коишто би го попречувале очистувањето од страстите и се оддалечуваме од сето она што ја поткопува целосната посветеност на Бога.

# ЗА РАСЕЈУВАЊЕТО НА УМОТ, ПОСЛЕДИЦИ

На првиот степен од духовниот живот, кога немаме утврдена навика во молитвата, енергијата на умот се расејува преку дразбите коишто преку природните сетила за вид, слух, мирис, вкус, допир ни доаѓаат од надворешниот свет. Но исто така и грижите, сеќавањата, желбите, фантазиите, помислите, чувствата, разговорите и воопшто сето она што го сочинувало нашиот живот порано или што треба да се случи, може да се јави како поттик за оддалечување на вниманието од молитвата, што е расејување на енергијата на умот по светот. Со постојано бдеење над сетилата и со подвиг на самоосудување расејувањето можеме во значителна мера да го одбегнеме, иако на овој степен не би можеле и наполно да го исклучиме. Затоа неопходно е да го стекнеме она што се нарекува молитвен однос кон светот и впечатоците што ни пристапуваат однадвор преку сетилата и однатре преку внатрешните чувства и претстави - да ги преобразуваме во поттик за молитва. Во почетокот на духовниот живот, кога сме на првото духовно рамниште, енергијата на умот којашто се трудиме да ја собираме во молитвата може да се спореди со малечко поточе: како што неговата вода ако се разлее на сите страни набрзо ќе се впие во земјата и поточето ќе се изгуби така ако енергијата на умот не се собере во зборовите од молитвата туку се расее на многу места ние ќе ја изгубиме молитвата, којашто на овој степен ни се дава само како залог за полниот дар Божји. И обратно, како што водата што тече во потокот ако се задржи во својата бразда нема да се изгуби така и усрдната истрајна насоченост на умот преку молитвата кон Бога по извесно време се претвара во негова постојана навика за молитва и подоцна тој успева молитвено да престојува во Бога без особен напор.

За оној што прифатил еден аскетско-исихастички подвиг на преобразување на умот од големо значење е да го освести и овој неспорен факт: кога се расејува, ‘енергијата на умот’ се насочува кон светот и враќајќи се назад - бидејќи *светот лежи во зло* - валканиците на коишто наидува во него природно ги внесува во срцето. Со расејувањето на умот ние ја сведочиме нашата поврзаност со светот; тоа само по себе претставува оддалечување од Бога Којшто е единствен извор на нашето просветлување, преку што расејувањето станува и причина за затемнетоста на умот, која понатаму води кон униние, кон неверие, кон очај, безнадежност, непознание на Бога и духовна смрт.

На првиот степен на духовен раст, заради нашата гордост и заробеност од страстите, демоните имаат моќ да влијаат врз нас и да нè наведат да дејствуваме според страстите, а ние тежнеејќи да ги задоволиме правиме грев, извршувајќи ја нивната волја наместо Божјата; гревот пак, е онтолошко промашување, прекинување на заедницата со Бога, и ако подолго престојува во еден ваков живот човекот неизбежно ќе се оддалечи од Него. Немањето заедница со Бога не е ништо друго туку смрт на личноста. Со други зборови, преку гордоста ние пројавуваме непознание на Бога и се одвојуваме од Него. А непознанието на Бога и одвоеноста од Него се причина за нашата духовна смрт. Тогаш, не можејќи самиот да се избави од овој безизлез, умот се свртува кон светот и бара да ги задоволи страстите (желба за пари, слава итн.).

СИНАКСИС / Премин, септември 2003 (страна 19)

Ако на овие нешта не им се спротиставиме преку подвигот, ќе останеме во тој наш „маѓепсан круг“ од затемнетост, униние, неверие, очај, безнадежност и непознание на Бога, а нашата внатрешна духовна состојба и надворешно ќе се манифестира како огревовеност, демонизираност и духовна смрт. Ваквите застранувања во духовниот живот произлегуваат од неисполнувањето на *трите монашки правила* на живеење, што се пројавува преку три нивни негации, коишто овде попрецизно ќе ги определиме како:

1. НЕПОСЛУШАНИЕ КОН ДУХОВНИОТ ОТЕЦ
2. ОСУДУВАЊЕ НА БЛИЖНИОТ И
3. НЕМАЊЕ ПОСТОЈАН АСКЕТСКО-ИСИХАСТИЧКИ ПОДВИГ ВО ПЕРИОДИ КОГА БЛАГОДАТТА ДЕЈСТВУВА СОКРИЕНО


СИНАКСИС / Премин, септември 2003 (страна 20)

# СОБИРАЊЕ НА УМОТ НА ТРИТЕ ДУХОВНИ СТЕПЕНИ

Устроеноста на животот во манастирот треба да ги создаде неопходните услови за дејствителен аскетско-исихастички подвиг и особено ни помага кога сме на првиот степен од духовниот живот и кога заради неутврдената навика да се собира во молитвата енергијата на умот лесно се расејува преку сетилата, оддалечувајќи се од постојаното исцелително изговарање на Исусовата молитва. Без напор за непрекинато собирање преку молитвата во Бога, умот не може да се очистува и да се исцелува за да достигне 'просветлување', кое како што и погоре спомнавме е поврзано со еден повисок степен на молитва.

На првиот степен од духовниот живот 'енергијата на умот' свесно и со напор ја држиме чиста кога со плач ја собираме во зборовите на молитвата 'Господи Исусе Христе помилуј ме грешниот', којашто на ова духовно ниво ја кажуваме со устата и со умот. Притоа вниманието постојано се трудиме да го врзуваме за зборовите од молитвата. На вториот степен, кога умствената молитва е веќе усвоена и сме задржале извесна трајна чистота на енергијата на умот, преку осенување на подвигот со Божествената благодат се случува 'отворање на срцето': енергијата на умот стекнува пристап до внатрешноста на срцето и можност оттогаш да го следи кажувањето на умносрдечната молитва во него, што како благодат на Светиот Дух ни беше дадено со Крштението. Отворањето на срцето претставува и негово второ големо чистење и е духовна промена што се нарекува *паѓање на покривалото од умот и од срцето* и *второ гледање на несоздадената Божествена светлина*. Тоа е состојба во која се случува исцелително соединување на двата дела на паднатиот ум: на енергијата, што е во главата, и суштината, чие седиште се наоѓа во срцето. Понатаму очистувањето продолжува преку т.н. умносрдечна молитва, којашто го карактеризира ова единство на енергијата со суштината на умот.

На степенот на 'обоженост', кој е трет и највисок во духовниот развој, подвигот, како што велат Отците, се поместува нагоре: умносрдечната молитва е доволно утврдена состојба, а главното, т.н. трето очистување, кое е и посовршено, се извршува кога умот престојува во единство со Бога преку 'созерцание' или 'грабнување на умот' при што непрестајната умносрдечна молитва (којашто инаку е исклучителен и мошне редок дар Божји) е сигурниот напојувачки услов на созерцанието. На овој степен за умот на подвижникот постојат искушенија чија директна поврзаност со надворешниот свет не е лесно воочлива. Сепак предмет на интерес за нас во првиот период од монашкиот и воопшто од духовниот живот е достигнувањето на вториот духовен степен, на отворањето на срцето за умносрдечната молитва, како клучен момент во онтолошкото, благодатно, обновување на умот којшто на ова ниво веќе го достигнал просветлувањето и се ослободил од пресудното влијание на страстите, особено од најголемата страст, за чие целосно очистување ни претстои борба до крајот на животот: страста на гордоста.

→

# САМОРАКОВОДЕЊЕ, ЗАОСТАНУВАЊЕ, ИСХОД

Првото гледање на несоздадената Божествена светлина кое како жива и дејствителна свест за согледување на гревовите ни се дава веднаш штом ќе поверуваме во Христос како во жив Бог не е доволно и ако останеме на ова рамниште без да го прифатиме процесот на очистување и исцелување под раководство на духовен отец, нашиот ум нема да достигне просветлување. Некои луѓе во таа состојба го преземаат и оној прв чекор, се оддалечуваат од светот заради Христа, исполнувајќи ги зборовите на Св. апостол Павле *го расӣнав свеѿоѿ за мене*, но затајуваат пред претстојното самораспнување на умот во духовен подвиг на молитва и послушание, кое што го сведочат зборовите *и јас се расӣнав за свеѿоѿ* (Гал. 6, 14). А други пак, останувајќи на степен на првото очистување на енергијата на умот и во заблуда дека нешто знаат се оддалечуваат од духовниот отец, тежнеат да проповедаат, духовно раководат со други, стануваат „теолози“ итн.

На првиот степен од духовниот живот, со цел да стекне смирение - под раководство на духовен отец, преку послушание - умот се преобразува со аскетски подвиг на покајание втемелен врз мислата *Јас сум виновен за сѐ*. На степенот на просветленост, кога под дејство на пројавената благодат од Крштението покајанието станува дејствително, процесот на преобразбата и исцелувањето од нас бара решеност при сите искушенија во подвигот умот постојано да го враќаме на ‘местото на срцето’, што подразбира во сите ситуации - кога со напади одлево е изгонуван оттаму или преку предлози што му пристапуваат оддесно бива привлечен надвор - неотстапно да го држиме закован на крстот на срцето, при што умот се восовршува и се очистува и од сите незабележливи и суптилни елементи што го попречуваат она што се нарекува наше трајно единство со Бога или воскресение на умот за време на овоземниот живот, а што е состојба на *обожениоѿ* и наполно обновен ум.

Од досега кажаното можеме да заклучиме дека оној што не го живее распнувањето на страстите (на светот) во самиот себеси и не оди по тесниот пат со којшто е поврзан подвигот на Исусовата молитва под опитно раководство на духовен отец, не може да напредува во процесот на преобразување на умот, со оглед дека не покажува сличност и не ја прифаќа заедницата со Христа поднесувајќи ги без противење (во смирение) страдањата што произлегуваат од нашата гордост и суета, а коишто при ваквиот подвиг ни се даваат за наше исцелување. Таквиот останува непросветлен и далеку од Бога, Кој единствен може да му го даде исцелението и просветлувањето на нашиот расеан, горд и затемнет ум.

# УРЕДУВАЊЕ НА МОНАШКИОТ ЖИВОТ СОГЛАСНО МЕТОДОТ НА ИСЦЕЛУВАЊЕТО

Како место на подвиг и духовна работилница манастирот треба да воспостави и да задржи богоцентрична устроеност на монашкиот живот што особено на првото духовно ниво ќе го задава и помага процесот на очистување од страстите, и тоа така што ќе постави амбиент за исполнување на *трите монашки правила* на живеење, коишто ја сочинуваат суштината на процесот на исцелувањето на умот и на срцето, а кои се:

1. НЕПОИСТОВЕТУВАЊЕ СО ПОМИСЛИТЕ, ЖЕЛБИТЕ И ЧУВСТВАТА БЕЗ ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА СО ДУХОВНИОТ ОТЕЦ
2. ПРАВИЛНА ИСПОВЕД И
3. НАГЛАСЕН ТЕЛЕСЕН ПОДВИГ ДО МОМЕНТОТ НА ОТВОРАЊЕТО НА СРЦЕТО, СО АКЦЕНТ НА ПОДВИГОТ НА ИСУСОВАТА МОЛИТВА

Општежителниот типик вообичаено ја пружа можноста да се оградиме од светските активности, од непотребните информации коишто би ни го одвлекувале вниманието од молитвата: држејќи го секој своето послушание, исклучувајќи ја излишната љубопитност во врска со дејностите за коишто не сме задолжени, и со тоа што ќе стоиме на растојание од посетителите, освен по послушание итн.

Сите овие нешта треба да го насочуваат нашето внимание кон внатрешниот живот и ако со нив правилно се ползуваме, преку постојан подвиг на покајание и молитва, со содејство на Божјата благодат тие ќе му го овозможат исцелувањето на нашиот паднат ум и ќе нѐ приведуваат кон неговата највисока активност и правилна употреба, која е сигурното сведоштво на нашето вистинско единство со Бога и која во највистинската, онтолошка смисла го разликува монахот од обичниот човек во светот: *кружната, умносрдечна Исусова молитва*.

СИНАКСИС / Премин, септември 2003 (страна 23)



# УСЛОВИ ЗА ТИХУВАЊЕ,
# ЗНАЧЕЊЕ НА МОЛИТВЕНИОТ КОПНЕЖ

Со оглед на историските функции на Црквата, којашто на земјата се грижи за спасението на сите луѓе и за ширењето на Христовата наука по светот, можно е некогаш и преку извесни задолженија да имаме дел во оваа нејзина мисија извршувајќи послушанија што го оневозможуваат постојаното тихување со Исусовата молитва. Но во периоди кога некој по послушание има работа во којашто умот целосно учествува и со тоа е спречен постојано да се моли, тогаш неговиот ум повторно пребива во Бога само на друг начин, и пак се врши очистување на енергијата на умот, затоа што не е предаден на страстите, а собран во послушанието пребива во волјата Божја. Само, тогаш е битно да имаме молитвен однос кон самото послушание. Од големо значење за нас е во ниеден момент да не го загубиме тежнеењето кон молитвата со сите расположливи сили во времето што притоа ни преостанува. Кога сите наши сили Му ги предаваме на Бога, според она што преку духовниот отец од нас се бара, исцелувањето се врши на начин кој често го надминува нашето знаење и идејата којашто сами ја имаме за нашето духовно спасение. Но опасно е ако се случи, без оглед на надворешните услови коишто можеби го предизвикале тоа, да го загубиме молитвениот копнеж и тежнеењето кон Бога, зашто тоа тогаш би ја сведочело нашата духовна смрт.

Одвраќањето од Бога и свртувањето кон светот не мора да е секогаш насочено кон нешто надворешно. Во случаи и кога нашето внимание е насочено кон нешто што е внатре во нас, но кое не е копнеж или плач по Бога, ние повторно го предаваме умот на страстите (а страстите се ’свет’ и нè одвојуваат од Господ) и остануваме одвоени од Него, Чија љубов тежнееме да ја стекнеме во полнота. А единствен темел на нашиот подвиг треба секогаш да биде и да остане нашата љубов кон Бога, Кој Самиот бескрајно ни се дарува и нè љуби. Инаку сите наши напори не би се разликувале многу од активностите на некои други аскети од Далечниот Исток, далеку од христијанството, кои смислата на своето преобразување ја бараат во себе или во создадениот свет, надвор од живиот Бог и Создател на сè, Кому Му припаѓа секоја власт, слава, чест и поклонение во сите векови.

Затоа ние да станеме мртви за светот а живи за Бога во Исуса Христа нашиот Господ и да градиме само молитвен однос со светот и љубовен однос кон Бога, Кој е единствен извор и полнота на секое добро, на секое здравје, убавина и совршенство што постојат. На тоа нè повикуваат и зборовите на Св. Јован Богослов кога вели: *Не сакајте го светот и сè што е во него. Ако некој го љуби светот во него нема љубов од Отецот. Зашто сè што е во светот - похотта на телото, желбата на очите и гордоста на животот - не е од Отецот туку од овој свет. Но светот поминува и похотите негови, а оној што ја извршува волјата Божја останува довека* (1 Јован 2, 15 - 17).

според белешките на сестринството
во манастирот на Пресвета Богородица
Елеуса од последниот синаксис на
Струмичкиот Митрополит Наум

SKOVIN






Винарската визба Сковин АД - Скопје е основана 1979 година, како продолжувач на вековните традиции за производство на квалитетно вино во поднебјето на Македонија.

Vranec 2000
Kale 2001
Teran 2001
Makedonsko crveno 2001
•
Chardonnay 2001
Muscat 2001
Semillon 2001
Makedonsko belo 2001

Винарска визба СКОВИН АД, Скопје ул. 15-ти Корпус бр. 3
тел.: 3175 107, 3175 097, 3172 088 факс: 3175 149
**info@skovin.com.mk, vino@fersped.com.mk, www.skovin.com.mk**